**КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ**

Бр. 01-59/1
Скопје, 01.02.2022

**ДО:**
**АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

Во согласност со член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики и Заклучокот од 57 седница на Владата на Република Северна Македонија донесен на 23 март 2021 година, а врз основа на Решение (нашарх. бр. 03-198/2 од 26. 04. 2021) за определување одговорно лица за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) во својство на назначен Службеник за млади го поднесувам следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИТЕ

Со носењето на Законот за младинско учество и младински политики и неговата имплементација во институцијата преку Канцеларијата за млади, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) активно ги следеше сите прашања од интерес на младите во рамките на делокругот на своите надлежности, при што и започна реализација на проект од интерес на младите.

Во 2021 година помеѓу повеќето други активности, во делокругот на младите со цел развој и унапредување на младинските политики во нашата држава КОВЗРГ се одлучи и започна со реализација на проект со назив: „Групи на пријателства" (Friendship groups). Станува збор за формирање на групи за пријателство со студенти на (ПБФ) „Свети Климент Охридски" - Скопје и Факултетот за исламски науки (ФИН) со годишна програма на заеднички настани и средби, со цел нивно запознавање и поттикнување на создавање на трајни пријателства, кои пак ќе обезбедат долгорочна меѓуверска соработка и дијалог во насока на унапредување на меѓуконфесионалните односи и превенција на верските проблеми, кои често во нашето општественото живеење, кое пулсира во различности имаат потенцијал да прелијат и меѓуетнички тензии.


Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Во текот на годината се формира работна група и се направи нацрт-проект. Ранботната група направи селекција на учесници во групите на пријателство, но поради состојбата со коронавирусот двете групи сеуште се немаат физички состанато. Инаку проектот предвидува годишна програма во модули. Секој модул е со посебна цел и се реализира на различен начин. Програмата и целите на модулот треба да се постигнуваат неформално, со цел да се овозможи природна средина на дијалог и запознавање. Учесниците можат заедно да одат на студиски престој, да разгледуваат конкретно отворено прашање, да дебатираат, да присуствуваат на културен настан, да изработуваат публикација или да организараат културен настан, да се сретнат со некоја личност и сл.

Бидејќи „Групата на пријателство" е повеќегодишен проект се очекува нејзината реализација да продолжи со поактивна реализација во оваа тековна година.

*Со почит,*

**Директор**
**м-р Даријан Сотировски**

подготвил: помл. соработник Петар Петковски,
службеник за млади при КОВЗРГ



Комисија за односи со верските
заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија